ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд во совет составен од судија Дара Арсова, како претседател на стечаен совет, и судиите Ангел Трипчев и Валентина Ѓорѓиевска како членови на советот, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство и преработка на брашно ЖИТОМЕЛ АД Куманово -во стечај, на ден 17.05.2024 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ЗАКЛУЧУВА стечајната постапка над должникот Друштво за производство и преработка на брашно ЖИТОМЕЛ АД Куманово – во стечај, со седиште на ул. Доне Божиновски бр.13 Куманово, со ЕМБС 4028368 и ЕДБ 4017996102909.

Заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри.

Се задолжува стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип да продолжи да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките по предметите: У 5 бр.982/22 кој е на одлучување по жалба пред Виш Управен суд, У 5 бр.137/2022 кој е на одлучување по жалба пред Виш Управен суд, У 5 бр.1831/22 на Управен суд Скопје, КОК -КР бр.324/19 на Основен кривичен суд Скопје, СТ бр.71/13 на Основен суд Штип, ТС 1 бр. 11/23 и ТС 1 бр. 12/23 на Основен суд Велес, како и да превзема дејствија кои во иднина би настанале, а кои се однесуваат на заштита на стечајната маса и интересите на стечајните доверители.

Должникот Друштво за производство и преработка на брашно ЖИТОМЕЛ АД Куманово – во стечај со седиште на ул.Доне Божиновски бр.13 Куманово, со ЕМБС 4028368 и ЕДБ 4017996102909 **НЕ СЕ БРИШЕ** од Трговскиот регистар при Централен регистар на РСМ.

Извадок од решението да се објави во Службен Весник на РСМ, на огласна табла и веб страната на судот и на веб страницата на Централен регистар на РСМ.

## О б р а з л о ж е н и е

Пред овој суд во тек е стечајна постапка отворена над имотот на стечајниот должник Друштво за производство и преработка на брашно ЖИТОМЕЛ АД Куманово -во стечај.

На одржаното Завршно Собрание на доверители на 12.03.2024 година присутни беа доверители со утврдени побарувања во износ од 66,9145 % од вкупно утврдените побарувања и сите се со право на глас. На Завршното Собранието на доверители, под точка 1 од дневниот ред, по гласањето на доверителите на седницата, Собранието на доверители едногласно со мнозинство од 100% од присутните доверители со право на глас донесе одлука со која се усвоија Завршната сметка и Завршниот извештај за стечајната постапка над должникот Друштво за производство и преработка на брашно ЖИТОМЕЛ АД Куманово -во стечај, изготвени од страна на стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип. Воедно, Собранието на доверители му предложи на стечајниот совет да донесе Решение за заклучување на стечајната постапка согласно чл.211 од Законот за стечај, без бришење на стечајниот должник од трговскиот регистар и со задолжување на стечајниот управник да продолжи да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките таксативно наброени во извештајот од адвокат Тодор Димов изготвен на 26.02.2024 година, како и да ги превземе сите дејствија кои во иднина би настанале, а кои се однесуваат на заштита на стечајната маса и интересите на стечајните доверители, со тоа што доколку од исходот на овие постапки се стекне имот во корист на стечајната маса на должникот, истиот ќе биде предмет на дополнителна (одложена) распределба согласно одредбите од Законот за стечај. Под точка 2, судот констатира дека од ниту еден доверител нема истакнато приговор против Завршната сметка и Завршниот

извештај, ниту претходно ниту на денешното Завршно Собрание на доверители и констатира дека оваа точка од дневниот ред е исцрпена, без донесување на одлуки на Завршното Собрание на доверители, во услови кога против Завршната сметка и Завршниот извештај не се истканати приговори. Под точка 3, стечајниот управник ја изнесе содржината на планот за конечна распределба, на кој присутните доверители немаа никакви забелешки ниту приговори. По гласањето на доверителите на седницата, Собранието на доверители едногласно со мнозинство од 100% од присутните доверители со право на глас донесе одлука со која го потврди планот за конечна распределба. На ден 10.05.2024 година, стечајниот упрвник до судот достави предлог за заклучување на стечајната постапка, во кој наведе дека е извршена конечна распределба на средствата и имотот на стечајниот должник, па предлага согласно чл. 211 од Законот за стечај и чл. 10 од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација и Законот за стечај да се донесе решение со кое се заклучува отворената стечајна постапка. Предлага стечајниот должник да не се брише од Трговскиот регистар при ЦР на РСМ со задолжување на стечајниот управник да продолжи да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките наброени во завршниот извештај и извештајот на адвокат Тодор Димов од Велес и да превзема дејствија кои во иднина би настанале, а кои се однесуваат на заштита на стечајната маса и интересите на стечајните доверители. На ден 10.05.2024 година, стечајниот управник до судот достави посебен извештај за извршена исплата на срества од стечајната маса согласно Планот за конечна распределба. Во извештајот, стечајниот управник наведе дека согласно чл. 191 ст. 4 од Законот за стечај, го доставува посебниот извештај за исплата на средства од стечајната маса предвидени согласно Планот за конечна распределба и Решение СТ бр.138/13 од 20.03.2024 година, а правосилно на 11.04.2024 година. Постапувајќи согласно Планот за четврта авансна распределба и решението на Основен суд Велес СТ бр.13/13 од 20.03.2024 година, извршена е исплата на разликата помеѓу утврдените средства за исплата со Планот за конечна распределба намален за исплатениот износ, конечната распределба на средства од стечајната маса на 317 доверители во вкупен износ од 7.817.561,00 денари. Во прилог се доставени банков извод бр.16 од 05.04.2024 година, банков извод бр.17 од 09.04.2024 година, банков извод бр.18 од 18.04.2024 година и банков извод бр.21 од 30.04.2024 година. Стечајните доверители кои немаат доставено трансакциски сметки за уплата на средствата, а кои се доверители со утврдени побарувања во стечајната постапка СТ бр.69/03 на Основен суд Куманово во првата стечајна постапка и лице кое имало сметка во друга банка која веќе не постои, а нема доставено нова трансакциска сметка и доверители поранешно вработени на кои им е утврдено побарувањето согласно одлуката на Одборот на доверители за распределба на средствата утврдени со Решение СТ бр.69/03 на Основен суд Куманово кои се воделе како побарувања на вработени и покрај ивестувањето, а кои се наведени од точка 1 до точка 36 ( со наведен реден број во табела) во посебниот извештај, со вкупно неисплатени срества во износ од 1.571.673,00 денари.

Согласно чл.207 од Законот за стечај (Сл.Весник на РМ бр.55/97 со измени и дополнувања) стечајниот управник е должен да изврши исплата на парични средства согласно Планот за конечна распределба и до судот и одборот на доверители да достави посебен извештај за извршената исплата и примерок да депонира во стечајното досие на должникот на увид на доверителите.

Согласно чл.211од Законот за стечај (Сл.Весник на РМ бр.55/97 со измени и дополнувања), (1) Веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, стечајниот совет ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка. (2) решението од став 1 на овој член, се објавува согласно со чл. 9 од овој закон и одредбите од членовите 61 став 6 и 66 став2 од овој закон.

Согласно чл. 10 од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација и Законот за стечај(2) По извршувањето на конечната распределба на стечајната маса, стечајниот судија во рок од осум дена ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка. За конечна распределба и заклучување на постапката соодветно се применуваат одредбите од членовите 200 и 201 од Законот за стечај ( Службен весник на Република Македонија бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/11 и 79/13).

При состојба кога на ден 10.05.2024 година, стечајниот управник до судот достави предлог за заклучување на стечајната постапка, во кој наведе дека е извршена конечна распределба на средствата и имотот на стечајниот должник, па предлага согласно чл. 211 од Законот за стечај и чл. 10 од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација и Законот за стечај, да се донесе решение со кое се заклучува отворената стечајна постапка, стечајниот должник да не се брише од Трговскиот регистар при ЦР на РСМ со задолжување на стечајниот управник да продолжи да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките наброени во завршниот извештај и извештајот на адвокат Тодор Димов од Велес и да превзема дејствија кои во иднина би настанале, а кои се однесуваат на заштита на стечајната маса и интересите на стечајните доверители, што кореспондира со одлуката донесена на одржаното Завршно Собрание на доверители на 12.03.2024 година, и на ден 10.05.2024 година стечајниот управник до судот достави посебен извештај за извршена исплата на сресва од стечајната маса согласно Планот за конечна распределба, стечајниот совет согласно чл.10 ст.1 в.в. чл.211 од Законот за стечај и чл. 10 од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација и Законот за стечај, одлучи како во изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.138/2013 од 17.05.2024 година

Претседател на стечаен совет
Судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот, преку овој суд до Апелационен суд Скопје

ДН. -стечаен управник Димитар Аџиев од Штип
- доверители преку огласна табла и веб сајтот на судот